**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**Регулаторна Комисија за Домување**

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
Komisioni Rregullator për Banim

**До:** „АСИ ГРУП" увоз-извоз ДОО Скопје
Ул."Македонија" бр.22-1/10
1000 Скопје

**Наш број:** Уп.08-13
**Дата:** 12.09.2024 г

**Предмет:** Решение за одземање на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018) и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020) член 6 став 2 и став 3 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), на седницата одржана на 12-09-2024 година, донесе

РЕШЕНИЕ

ЗА ОДЗЕМАЊЕ НА ЛИЦЕНЦА

ЗА УПРАВИТЕЛ ЗА ВРШЕЊЕ НА ДЕЈНОСТИТЕ

НА УПРАВУВАЊЕ СО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ

1. **Се одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-09/3 од 17.02.2023 година, на правниот субјект „АСИ ГРУП" увоз-извоз ДОО Скопје, со ЕМБС 7641524 со седиште на ул."Македонија" бр.22-1/10, Скопје.
2. Решението влегува во сила од денот на правосилност.
3. Се известува правниот субјект „АСИ ГРУП" увоз-извоз ДОО Скопје, да ја врати лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-09/3 од 17.02.2023 година, на Регулаторна комисија за домување во рок од осум дена од денот на правосилност на решението за одземање на лиценцата.

Образложение

Регулаторната комисија за домување врз основа на член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020), член 6 став 2 и став 3 од Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за вршење на дејностите на управување со станбена зграда, како и формата и содржината на образецот за лиценца ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), **ја одзема** лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради бр.Уп08-09/3 од 17.02.2023 година, на правниот субјект „АСИ ГРУП" увоз-извоз ДОО Скопје. Бидејќи од страна на овластениот инспектор за домување од општина Аеродром, Скопје доставени се известување со ИП1 Бр.29-177 од 23.08.2024 година и записник со ИП1 Бр.29-177 од 19.08.2024 година со кои е констатирано дека настанале услови за одземање на лиценцата согласно член 10 став 9, точка 3, од Законот за домување. Утврдено е дека управителот постапувал

спротивно на член 30 Законот за домување поточно не ги исполнувал обврските при престанување на Договорот за вршење на управувачки работи утврдени во истиот член.

Општинскиот инспектор за домување од општина Аеродром постапувајќи согласно член 118 став 3 од Законот за домување од извршен вонреден инспекциски надзор и контролен инспекциски надзор има констатирано дека правниот субјект, условите за поседување на лиценца за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради од член 10 став став 9 точка 3 од Законот за домување, **не ги исполнува,** а за тоа ја извести Регулаторна комисија за дмување.

Регулаторната комисија за домување согласно надлежностите од член 109 став 1 точка 6 од Законот за домување ("Службен весник на РМ" бр.99/2009, бр.57/2010,бр.36/2011, бр.54/2011, бр.13/2012, бр.55/2013, бр.163/2013, бр.42/2014, бр.199/2014, бр.146/2015, бр.31/2016, бр.64/2018 и "Службен весник на РСМ" бр.302/2020), како и согласно Правилникот за начинот на издавање, продолжување и одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбена зграда ("Службен весник на РМ" бр.63/2019), е надлежна да издава, продолжува и одзема лиценци за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради.

На седницата одржана на 12-09-2024 год., Регулаторната комисија за домување, донесе Решение за одземање на лиценцата за управител за вршење на дејностите на управување со станбени згради згради бр.Уп08-09/3 од 17.02.2023 година, на правниот субјект „АСИ ГРУП" увоз-извоз ДОО Скопје.

Имајќи го предвид гореноведеното се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО:** Против Решението за одземање на лиценца, дозволена е тужба пред Управниот суд, во рок од 30 дена од приемот на решението.

За покренување постапка пред надлежен суд подносителот да ја извести Регулаторната комисија за домување во рок од 8 дена по поднесување на тужбата.

Со почит,

Претседател
М-р Зоран Маџовски

Republika e Maqedonisë së Veriut – Komisioni Rregullativ për Banim · Република Северна Македонија – Регулаторна комисија за домување

Изготвил: Јасмина Петреска